T.13

# И З В Е Ш Т А Ј

**за работа на Одбор на директори за**
**2025 година**

Во текот на 2025 година Одборот на директори одржаа 11(единаесет) седици и тоа :

1. Седница за донесување на Одлука за усвојување на годишната сметка и консолидираната сметка за 2024 година за ПЕКАБЕСКО АД Кадино врз осноа на член 482 од Законот за трговските друштва;

2. Седница за усвојување на Одлука за согласност и одобрување за склучување на Анекс бр.9 кон Договорот бр.1208-1254/1 од 15.12.2011 за рамковен револвинг кредитен лимит со Шпаркасе банка АД Скопје, со кој се продолжува времетраењето на рамката до 08.06.2035година.

3. Седница за усвојување на Одлука за одобрување на дообезбедување на Рамковен договор за банкарски услуги со УНИ БАНКА АД под број 058CL-C-000043, со кој се заснова заложно право врз фотоволтаичната централа предбележана во лист за предбележување бр.2381 за КО Кадино.

4. Седница за разгледување на Поединечен и Конолидиран Извештај од овластен ревизор Расел Бетфорд Атанасовски Дооел Скопје за 2024 година, усвојување на Предлог – одлука за завршна сметка поединечна и конолидирана и финансиски извештаи поединечен и конолидиран за ПЕКАБЕСКО АД за 2024 година и распоредување на добивка за Пекабеско АД, усвојување на Предлог – одлука за завршна сметка за 2024 год и распоредување на добивка за Тимко-Лаб Дооел, усвојување на Предлог – одлука за завршна сметка за 2024 година и распределување на добивката за Пекабеско Доо Рашка ,Р. Србија, усвојување на Известувањето за немање на активност за 2024

година и донесување на предлог одлука за одобрување и усвојување наИзвестувањето за немање активност на Друштвото ПЕКАБЕСКО ЕООД Петрич Р.Бугарија за 2024, донесување на Предлог Одлука за избор и назначување на Овластен ревизор за ревизија на годишна сметка и финансиски извештаи на ПЕКАБЕСКО АД за 2025година и донесување на одлука за закажување на Годишно собрание на Друштвото.

5. Седница за Разгледување на предлог за дополнување на дневен ред со вклучување на нова точка со предлог одлука поднесен од страна на Акционер кој поседува повеќе од 5% од вкупниот број на акции и донесување на одлука по истото .

6. Седница за давање на овластувае за потпишување Анекс 6 кон договор за уредување на односите меѓу Друштвото и извршен член на одбор на директори;

7. Седница за разгледување на приговор на Работникот Стефче Врџовски од Битола изјавен против решение бр.0402-1548 од 10.09.2025година, со кое решение му се одбива 15% од платата поради несовесно вршење на потребниот надзор и контрола, и носење одлука за истото.

8. Седница на разгледување на Отповикување на членови на Одборот на Директори на ПЕКАБЕСКО АД и донесување на Предлог Одлука за отповикување на членовите на Одборот на директори, Разгледување на Избор на членови на Одборот на директори на ПЕКАБЕСКО АД и донесување на Предлог одлука за избор на членови на Одбор на директори, Разгледување на Измена на Статутот на Друштвото ПЕКАБЕСКО АД и донесување на Предлог одлука за измена на Статутот на друштвото и закажување на собрание на акционери на друштвото;

9. Седница за Избор на извршни членови на Одборот на Директори, избор на незивршни членови на Одборот на директори и Избор на претседател на одборот на директори на ПЕКАБЕСКО АД.

10. Седница за донесување на Одлука за одржување на годишен попис и именување на Централна пописна комисија за спроведување на истото.

11. Седница за давање овластување за потпишување анекс 7 кон договор за уредување на односите меѓу друштвото и извршен член на Одборот на директори;

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**ПЕКАБЕСКО АД Кадино**

**1.Слободан Кутревски, Извршен член**

______________________________________

**2.Анатол Кутревски, Извршен член**

______________________________________

**3.Марко Кутревски, Извршен член**

______________________________________

**4.Миле Бановиќ, Претседател на Одбор на директори и Неизвршен член**

______________________________________

**5.Верица Бошковска, Независен и Неизвршен член**

______________________________________

**6.Славчо Шушлевски, Неизвршен член**

________________________________________

**7.Роберт Богатинов,Неизвршен член**

________________________________________

**8.Горан Ѓорѓиевски,Неизвршен член**

________________________________________